Врз основа на член 25 став 3 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08) министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА И ЕВИДЕНЦИЈАТА КОЈА ЈА ВОДАТ УСТАНОВИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на документацијата и евиденцијата која ја водат установите и институциите за образование на возрасните.

**Член 2**

Документацијата и евиденцијата за основното, односно средното образование на возрасните се води од страна на установите и институциите за образование на возрасните согласно Правилникот за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште, како и начинот на нивното водење („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/09, 64/09 и 147/09), односно Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/09, 64/09 и 147/09).

**Член 3**

Документацијата за посебните програми за образование на возрасните опфаќа главна книга за учесници за образование за возрасните.

Евиденцијата за посебните програми за образование на возрасните опфаќа досие за учесникот.

**Член 4**

Главната книга за учесници за образование на возрасните на корицата го содржи грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија“, насловот „ГЛАВНА КНИГА НА УЧЕСНИЦИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ“ , името на понудувач на услуги и место.

Првата страна го содржи грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија“, име на понудувач на услуги и место, општина/град, назив „ГЛАВНА КНИГА БР. ______“ , податоци за овластеното лице на понудувачот на услуги, име и презиме, траење на мандатот и потпис.

Втората страна содржи наслов „ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕСНИКОТ/УЧЕСНИЧКАТА“, реден број во главната книга, име и презиме, име на таткото, име на мајката, датум и година на раѓање, место на раѓање, општина, држава, државјанство, претходно образование на учесникот, учесничката, датум на запишување кај понудувачот на услугите, назив на посебната програма, датум на завршување на учесникот/учесничката кај понудувачот на услуги, забелешка, список на предмети и стекнати знаења, вештини, способности и компетенции, издаден сертификат за завршена програма, потпис на учесникот/учесничката,родител/старател, потпис на овластено лице од установата/институцијата, датум, издаден втор примерок, потпис на учесникот, потпис на овластено лице од установата/институцијата, датум.

Главната книга на учесниците се води по години и содржи листови кои се во корици и се прошиваат со емственик од кои двата краја се потпечатуваат со црвен восок на внатрешната страна од задната корица на книгата.

Вкупниот број на листови во книгата со потпис го заверува овластено лице од понудувачот на услуги.

Главната книга на учесниците се води на Образец бр. 1 со димензии 42 см х 29,7 см и содржи 200 нумерирани страници.

Кориците на главната книга за учесници за образование на возрасните имаат темно сина боја.

Образецот бр. 1 е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Досието на учесникот се води за секој учесник одделно.

Првата страна го содржи грбот на Република Македонија и називот „Република Македонија“, името на понудувачот на услуги, место, општина/град, назив: “ДОСИЕ НА УЧЕСНИКОТ“, името и презимето, бројот на главна книга, датумот на запишување и називот на посебната програма.

Втората страна содржи податоци за наставниот план според кој се изведува програмата, реден број, предметите, бројот на часови, неделно, вкупно, името и презимето на предметниот обучувач и времето на реализирање на обуката .

Третата страна содржи податоци за бројот на записник, времето на одржување на проверката, забелешка и потпис на раководителот на образовната група.

Досието на учесникот се води на Образец бр. 2 со димензии 29 см х 42 см кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија”.

**МИНИСТЕР,**
**Никола Тодоров**

Бр.___________
___________ 2010 година